Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 и член 151, став (3) од Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 27.06.2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ, ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ПРИЛОЖУВААТ КОН БАРАЊЕТО КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ ОД ПЛАНОТ ЗА НУМЕРАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација ("Службен весник на Република Македонија" број 190/2014), во член 16 ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Решението за одземање на правото на користење на доделена серија на броеви ќе се однесува на целата серија на броеви. За онаа серија на броеви од која има пренесени броеви кај други оператори Агенцијата по службена должност ќе донесе решение со кое ќе му се додели серијата на броеви на операторот прымател кај кого се пренесени најмногу броеви."

Член 2

Во член 17 се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Решението со кое се утврдува престанок на важење на решението за доделување на серија на броеви, ќе се однесува на целата серија на броеви. За онаа серија на броеви од која има пренесени броеви кај други оператори Агенцијата по службена должност ќе донесе решение со кое ќе му ја додели серијата на броеви на операторот прымател кај кого се пренесени најмногу броеви."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила овој правилник ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Наш број 1403-1372/3

Скопје 27.06.2016

ДИРЕКТОР

Сашо Димитријоски